# Службен весник на Република Македонија

**Број 132** **20 септември 2017, среда** **година LXXIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2669. | **Закон** за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата..................................................... | 2 |
| 2670. | **Закон** за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина.................... | 4 |
| 2671. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија................ | 7 |
| 2672. | **Закон** за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги................................................ | 12 |
| 2673. | **Одлука** за верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија......................... | 14 |
| 2674. | **Одлука** за именување вицегувернер на Народната банка на Република Македонија............................... | 14 |
| 2675. | **Одлука** за избор на член на Државната изборна комисија....................... | 14 |
| 2676. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуките за формирање на општинските изборни комисии........ | 15 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-48 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2669.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ПОРАДИ ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ДОМИНАНТНА СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА

Се прогласува Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 септември 2017 година.

Бр. 08-3235/1
19 септември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## З А К О Н ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ПОРАДИ ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ДОМИНАНТНА СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за стекнување и начинот на користење на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок на невработените лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, заклучно со 30 јуни 2017 година, а кои оствариле право на паричен надоместок по 1 јануари 1995 година, во претпријатијата со доминантна сопственост на државата (во натамошниот текст: невработено лице).

Член 2

Невработено лице во смисла на членот 1 од овој закон е лицето:

- кое било најмалку 15 години во работен однос во претпријатија со доминантна сопственост на државата, утврден со М1/М2 обрасци,
- на кое му престанал работниот однос во претпријатие со доминантна сопственост на државата, по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок,
- кое на денот на влегувањето во сила на овој закон е на возраст од најмалку 52 години (жена), односно 55 години (маж),
- на кое работниот однос му престанал заклучно со 30 јуни 2017 година,
- кое остварило право на паричен надоместок по 1 јануари 1995 година и кое по остварувањето на правото на паричен надоместок не било вработено на неопределено време, односно работниот однос не му престанал по негова волја и вина.

Член 3

Овој закон не се однесува на оние лица кои примиле испратнина поголема од 12 месечни плати во висина над просечната исплатена месечна нето плата во Република Македонија во дадениот период.

Член 4

Невработеното лице има право на месечен паричен надоместок во висина од 34% од просечно исплатената месечна нето плата по работник во Републиката за претходната година.

Член 5

Правото на паричен надоместок невработеното лице од членот 2 од овој закон, го остварува до негово вработување или пензионирање, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок, утврдени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Член 6

Право на паричен надоместок, согласно со овој закон, може да оствари невработено лице кое ќе поднесе барање до Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата за вработување) каде што е евидентирано, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Агенцијата за вработување, правото на паричен надоместок од ставот 1 на овој член, го утврдува врз основа на лично барање на невработеното лице.

Правото на паричен надоместок, согласно со овој закон се остварува од денот на поднесување на барањето до Агенцијата за вработување.

Доколку барањето не е поднесено во рокот од ставот 1 на овој член, надлежниот орган барањето ќе го отфрли како ненавремено.

Член 7

Со остварувањето на правото на паричниот надоместок согласно со одредбите од овој закон, на невработеното лице му престанува правото на парични примања по други основи.

Член 8

Владата на Република Македонија, преку Централниот депозитар на хартии од вредност и Централниот регистар на Република Македонија, ќе обезбеди список со податоци за претпријатијата во кои Република Македонија се јавува како доминантен сопственик на капиталот и истиот ќе го достави до Агенцијата за вработување, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

За прашањата што не се уредени со овој закон и за прашањата за кои овој закон не упатува на примена на друг закон, се применуваат одредбите од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност кои се однесуваат на невработените лица - корисници на паричен надоместок.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR SIGURIM MATERIAL TË PERSONAVE TË PAPUNËSUAR PËR SHKAK TË PRIVATIZIMIT TË NDËRMARRJEVE ME PRONËSI DOMINUESE TË SHTETIT**

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet për marrjen dhe mënyrën e shfrytëzimit të së drejtës për sigurim material në formë të kompensimit në para për personat e papunësuar të cilëve u është ndërprerë marrëdhënia e punës në bazë të falimentimit, likuidimit ose tepricës teknologjike, përfundimisht me 30 qershor 2017, e të cilët e kanë realizuar të drejtën e kompensimit në para pas 1 janarit 1995, në ndërmarrjet me pronësi dominuese të shtetit (në tekstin e mëtejmë: person i papunësuar).

Neni 2

Personi i papunësuar sipas nenit 1 të këtij ligji është personi:

- i cili ka qenë së paku 15 vjet në marrëdhënie pune në ndërmarrje me pronësi dominuese të shtetit, të përcaktuar me formularët M1/M2,
- të cilit i është ndërprerë marrëdhënia e punës në ndërmarrje me pronësi dominuese të shtetit, në bazë të falimentimit, likuidimit ose tepricës teknologjike,
- i cili në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji është në moshë prej së paku 52 vjet (femër) përkatësisht 55 vjet (mashkull),
- të cilit marrëdhënia e punës i është ndërprerë përfundimisht me 30 qershor 2017 dhe
- i cili e ka realizuar të drejtën e kompensimit në para pas 1 janarit 1995 dhe i cili pas realizimit të së drejtës së kompensimit në para nuk ka qenë i punësuar në kohë të pacaktuar, përkatësisht marrëdhënia e punës nuk i është ndërprerë me vullnetin ose fajin e tij.

Neni 3

Ky ligj nuk ka të bëjë me ata persona të cilët kanë marrë pagesë përcjellëse më të madhe se 12 rroga mujore në lartësi mbi rrogën e paguar neto mujore mesatare në Republikën e Maqedonisë në periudhën e dhënë.

Neni 4

Personi i papunësuar ka të drejtë në kompensim mujor në para në lartësi prej 34% nga rroga e paguar neto mujore mesatare për punëtor në Republikë për vitin paraprak.

Neni 5

Të drejtën e kompensimit në para personi i papunësuar nga neni 2 i këtij ligji, e realizon deri në punësimin ose pensionimin e tij, përkatësisht deri në paraqitjen e ndonjë prej bazave për ndërprerjen e të drejtës së kompensimit në para, të përcaktuara me Ligjin për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë.

Neni 6

Të drejtë për kompensim në para, në pajtim me këtë ligj, mund të realizojë personi i papunësuar i cili do të parashtrojë kërkesë në Agjencinë e Punësimit të Republikës së Maqedonisë (në tekstin e mëtejmë: Agjencia e Punësimit) ku është i evidentuar, në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Agjencia e Punësimit, të drejtën e kompensimit në para nga paragrafi 1 i këtij neni e përcakton në bazë të kërkesës personale të personit të papunësuar.

E drejta e kompensimit në para, në pajtim me këtë ligj, realizohet nga dita e parashtrimit të kërkesës në Agjencinë e Punësimit.

Nëse kërkesa nuk është parashtruar në afatin nga paragrafi 1 i këtij neni, organi kompetent kërkesën do ta hedhë poshtë si të parashtruar jo në kohë.

Neni 7

Me realizimin e të drejtës së kompensimit në para në pajtim me dispozitat e këtij ligji, personit të papunësuar i ndërpritet e drejta e marrjes së pagesave në para në baza tjera.

Neni 8

Qeveria e Republikës së Maqedonisë, përmes Depozitarit Qendror të Letrave me Vlerë dhe Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë, do të sigurojë listë me të dhëna për ndërmarrjet në të cilat Republika e Maqedonisë paraqitet si pronar dominues i kapitalit dhe të njëjtën do ta dorëzojë në Agjencinë e Punësimit, në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 9

Për çështje të cilat nuk janë të rregulluara me këtë ligj dhe për çështje për të cilat ky ligj nuk udhëzon në zbatimin e një ligji tjetër, zbatohen dispozitat e Ligjit për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë të cilat kanë të bëjnë me personat e papunësuar - shfrytëzues të kompensimit në para.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë“.

**2670.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ СТУДИИ И КОНТИНУИРАНОТО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДОКТОРИТЕ НА МЕДИЦИНА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 септември 2017 година.

Бр. 08-3195/1
18 септември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ СТУДИИ И КОНТИНУИРАНОТО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДОКТОРИТЕ НА МЕДИЦИНА**

Член 1

Во Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на Република Македонија“ број 16/13, 39/14, 144/14 и 150/15), во насловот зборовите: „медицинските студии и“ се бришат.

Член 2

Во членот 1 зборовите: „условите и постапката за стекнувањето на квалификации за вршење на професијата доктор на медицина на територијата на Република Македонија, студиските програми за образование и стекнување на квалификации за вршење на дејност на доктори на медицина, полагањето на стручниот испит за докторите на медицина,“ се бришат.

Член 3

Членовите 2, 3, 4, 5 и 6 се бришат.

Член 4

Во член 7 во ставот (1) зборовите: „како и помошниот медицински кадар имаа“ се заменуваат со зборот „имаат“.

Во ставот (3) зборовите: „како и помошниот медицински кадар“ се бришат и по зборот „странство“ запирката се заменува со точка, а зборовите: „кој го одобрува Министерството за здравство“ се бришат.

Ставот (4) се брише.

Ставот (5) кој станува став (4), се менува и гласи:

„(4) Врз основа на годишниот план од ставот (3) на овој член, директорот на јавната здравствена установа, односно медицинскиот директор на јавната здравствена установа во која има двајца директори, ги упатува на обука докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите, докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи.“.

Ставовите (6), (7), (8) и (9) се бришат.

Во ставот (10) кој станува став (5) зборовите: „како и помошниот медицински кадар“ се бришат.

Член 5

Во член 8 во ставот (1) зборовите: „Министерството за здравство, односно“ се бришат.

Ставот (4) се брише.

Член 6

Во член 9 ставот (4) се брише.

Ставовите (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Во ставот (9) кој станува став (8) зборовите: „медицинскиот директор на здравствената установа или доктор на медицина кој тој ќе го овласти“ се заменуваат со зборовите: „доктор на медицина специјалист од соодветна област на медицината овластен од медицинскиот директор на здравствената установа на предлог на стручниот колегиум“.

Ставот (10) станува став (9).

Во ставот (11) кој станува став (10) зборовите: „ставот (10)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (9)“.

Во ставот (12) кој станува став (11) зборовите: „ставот (6)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (5)“.

Ставовите (13), (14), (15) и (16) стануваат ставови (12), (13), (14) и (15).

Ставот (17) се брише.

Член 7

Во член 11 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) За образовни цели и унапредување на вештините и знаењата на докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите се врши видеоснимање на медицинските интервенции каде што опремата овозможува видеоснимање.

(2) Медицинските интервенции од ставот (1) на овој член ги утврдува директорот на јавната здравствена установа, односно медицинскиот директор на јавната здравствена установа во која има двајца директори, на предлог на одговорниот раководител на внатрешната организациона единица во установата во соработка со одговорниот раководител на соодветната катедра на медицинскиот факултет.“.

Во ставовите (3) и (4) кои стануваат ставови (2) и (3) зборовите: „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (1)“.

Ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (4), (5), (6), (7) и (8).

Член 8

Во член 12 во ставот (1) зборовите: „стекнување практични вештини неопходни за стекнување на називот доктор на медицина, дел од процесот на полагање на практичниот дел од стручниот испит, дел од процесот на“ се бришат.

Во ставот (7) зборовите: „при процесот на полагање на практичниот дел од стручниот испит и“ се бришат.

Член 9

Во членот 13 зборовите: „сите ендоскопски и лапароскопски интервенции, роботска хирургија и сите други интервенции каде што опремата овозможува видеоснимање, како и сите хируршки интервенции кои вклучуваат хируршки методи кои се нови или методи кои не ги имаат совладано мнозинството специјалисти, односно супспецијалисти во здравствената установа” се заменуваат со зборовите: „медицинските интервенции од членот 11 став (2) од овој закон.“

Член 10

Насловот пред членот 14 и членот 14 се бришат.

Член 11

Во член 16 во ставот (1) точките 1), 2) и 3) се бришат.

Точката 4) станува точка 1).

Во точката 5) која станува точка 2) зборовите: „став (6)“ се заменуваат со зборовите: „став (5)“.

Во точката 6) која станува точка 3) зборовите: „став (4)“ се заменуваат со зборовите: „став (3)“.

Во точката 7) која станува точка 4) зборовите: „став (6)“ се заменуваат со зборовите: „став (5)“.

Ставот (3) се брише.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (3) и (4).

Во ставот (6) кој станува став (5) зборовите: „став (5)“ се заменуваат со зборовите: „став (4)“.

Ставот (7) се брише.

Во ставот (8) кој станува став (6) зборовите: „став (16)“ се заменуваат со зборовите: „став (15)“.

Член 12

Започнатите постапки за упатување на обука на докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите, докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи, како и помошниот медицински кадар до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според одредбите од Законот за медицинските студии и континуирано стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на Република Македонија“ број 16/13, 39/14, 144/14 и 150/15).

Член 13

Високообразовните установи од областа на медицината ќе ја усогласат својата работа согласно со овој закон најдоцна до 31 декември 2017 година.

Член 14

(1) Студентите кои ги започнале студиите по општа медицина потребни за вршење на професијата доктор на медицина во академската 2013/2014 година ќе ги завршат студиите според студиските програми акредитирани согласно со Законот за медицинските студии и континуирано стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на Република Македонија“ број 16/13, 39/14, 144/14 и 150/15), а стручниот испит ќе го полагаат согласно со Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16).

(2) Студентите кои ги започнале студиите по општа медицина потребни за вршење на професијата доктор на медицина во академските 2014/2015, 2015/2016 и 2016/2017 година ќе ги завршат студиите согласно со одредбите од овој закон и според студиските програми акредитирани согласно со прописите од областа на високото образование, а стручниот испит ќе го полагаат согласно со Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16).

Член 15

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за континуираното стручно усовршување на докторите на медицина.

Член 16

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR STUDIME TË MJEKËSISË DHE PËRSOSJE TË VAZHDUESHME PROFESIONALE TË DOKTORËVE TË MJEKËSISË**

Neni 1

Në Ligjin për studime të mjekësisë dhe përsosje të vazhdueshme profesionale të doktorëve të mjekësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 16/13, 39/14, 144/14 dhe 150/15), në titullin e ligjit fjalët: "studime të mjekësisë dhe" shlyhen.

Neni 2

Në nenin 1 fjalët: "kushtet dhe procedura për arritjen e kualifikimeve për kryerje të profesionit doktor i mjekësisë në territorin e Republikës së Maqedonisë, programet studimore për arsim dhe marrjen e kualifikimeve për kryerje të veprimtarisë së doktorëve të mjekësisë, dhënien e provimit profesional për doktorë të mjekësisë," shlyhen.

Neni 3

Nenet 2, 3, 4, 5 dhe 6 shlyhen.

Neni 4

Në nenin 7 paragrafi (1) fjalët: "si dhe kuadri mjekësor ndihmës kishin" zëvendëson me fjalët: "kanë".

Në paragrafin (3) fjalët: "si edhe kuadri mjekësor ndihmës" shlyhen dhe pas fjalëve: "jashtë vendit" presja zëvendësohet me pikë dhe fjalët: "të cilin e aprovon Ministria e Shëndetësisë" shlyhen.

Paragrafi (4) shlyhet.

Paragrafi (5) i cili bëhet paragraf (4), ndryshohet si vijon:

"(4) Në bazë të planit vjetor nga paragrafi (3) i këtij neni, drejtori i institucionit shëndetësor publik, përkatësisht drejtori i mjekësisë i institucionit shëndetësor publik në të cilin ka dy drejtorë, i dërgon në trajnim drejtorët e mjekësisë, specialistët dhe subspecialistët, doktorët e stomatologjisë, specialistët dhe subspecialistët dhe farmaceutët e diplomuar të punësuar në institucionet shëndetësore publike.".

Paragrafët (6), (7), (8) dhe (9) shlyhen.

Në paragrafin (10) i cili bëhet paragraf (5) fjalët: "si dhe kuadri mjekësor ndihmës" shlyhen.

Neni 5

Në nenin 8 paragrafi (1) fjalët: "Ministria e Shëndetësisë, përkatësisht" shlyhen.

Paragrafi (4) shlyhet.

Neni 6

Në nenin 9 paragrafi (4) shlyhet.

Paragrafët (5), (6), (7) dhe (8) bëhen paragrafë (4), (5), (6) dhe (7).

Në paragrafin (9) i cili bëhet paragraf (8), fjalët: "drejtori i mjekësisë i institucionit shëndetësor ose doktori i mjekësisë të cilin ai do ta autorizojë" zëvendësohen me fjalët: "doktor i mjekësisë specialist nga sfera adekuate e mjekësisë i autorizuar nga drejtori i institucionit shëndetësor me propozim të kolegjiumit profesional".

Paragrafi (10) bëhet paragraf (9).

Në paragrafin (11) i cili bëhet paragraf (10), fjalët: "paragrafi (10)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (9)".

Në paragrafin (12) i cili bëhet paragraf (11), fjalët: "paragrafi (6)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (5)".

Paragrafët (13), (14) , (15) dhe (16) bëhen paragrafë (12), (13), (14) dhe (15).

Paragrafi (17) shlyhet.

Neni 7

Në nenin 11 paragrafët (1) dhe (2) ndryshohen si vijojnë:

"(1) Për qëllime arsimore dhe avancim të shkathtësive dhe njohurive të doktorëve të mjekësisë, specialistëve dhe subspecialistëve bëhet videoincizim i intervenimeve mjekësore ku pajisja mundëson videoincizim.

(2) Intervenimet mjekësore nga paragrafi (1) i këtij neni, i përcakton drejtori i institucionit shëndetësor publik, përkatësisht drejtori i mjekësisë i institucionit shëndetësor publik në të cilin ka dy drejtorë, me propozim të udhëheqësit përgjegjës të njësisë së brendshme organizative në institucion në bashkëpunim me udhëheqësin përgjegjës të katedrës përkatëse të fakultetit të mjekësisë."

Në paragrafët (3) dhe (4) të cilët bëhen paragrafë (2) dhe (3), fjalët: "paragrafët (1) dhe (2)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (1)".

Paragrafët (5), (6), (7), (8) dhe (9) bëhen paragrafë (4), (5), (6), (7) dhe (8).

Neni 8

Në nenin 12 paragrafi (1) fjalët: "marrjen e shkathtësive praktike të domosdoshme për marrjen e titullit doktor i mjekësisë, një pjesë e procesit për dhënien e pjesës praktike të provimit profesional, një pjesë e procesit për" shlyhen.

Në paragrafin (7) fjalët: "gjatë procesit të dhënies së pjesës praktike të provimit profesional dhe" shlyhen.

Neni 9

Në nenin 13 fjalët: "të gjitha ndërhyrjeve endoskopike dhe laparoskopike, kirurgjisë robotike dhe të gjitha ndërhyrjeve tjera ku pajisja mundëson videoincizim, si dhe

të gjitha ndërhyrjet kirurgjike që përfshijnë metoda kirurgjike të cilat janë të reja ose metoda që nuk i kanë zotëruar shumica e specialistëve, përkatësisht subspecialistëve në institucionin shëndetësor" zëvendësohen me fjalët: "ndërhyrjeve mjekësore nga neni 11 paragrafi (2) i këtij ligji."

Neni 10

Titulli para nenit 14 dhe neni 14 shlyhen.

Neni 11

Në nenin 16 paragrafi (1) pikat 1), 2) dhe 3) shlyhen.

Pika 4) bëhet pika 1).

Në pikën 5) e cila bëhet pika 2), fjalët: "paragrafi (6)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (5)".

Në pikën 6) e cila bëhet pika 3), fjalët: "paragrafi (4)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (3)".

Në pikën 7) e cila bëhet pika 4) fjalët: "paragrafi (6)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (5)".

Paragrafi (3) shlyhet.

Paragrafët (4) dhe (5) bëhen paragrafë (3) dhe (4).

Në paragrafin (6) i cili bëhet paragraf (5), fjalët: "paragrafi (5)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (4)".

Paragrafi (7) shlyhet.

Në paragrafin (8) i cili bëhet paragraf (6) fjalët: "paragrafi (16)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (15)".

Neni 12

Procedurat e filluara për dërgim në trajnim të doktorëve të mjekësisë, specialistëve dhe subspecialistëve, doktorëve të stomatologjisë, specialistëve dhe subspecialistëve dhe farmacistëve të diplomuar të punësuar në institucionet shëndetësore publike, si dhe kuadrit ndihmës mjekësor deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundojnë sipas dispozitave të Ligjit për studime të mjekësisë dhe përsosje të vazhdueshme profesionale të doktorëve të mjekësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 16/13, 39/14, 144/14 dhe 150/15).

Neni 13

Institucionet e arsimit të lartë nga sfera e mjekësisë do ta harmonizojnë punën e vet sipas këtij ligji më së voni deri më 31 dhjetor 2017.

Neni 14

(1) Studentët të cilët i kanë filluar studimet e mjekësisë së përgjithshme të nevojshme për kryerjen e profesionit doktor i mjekësisë në vitin akademik 2013/2014 do t'i përfundojnë studimet sipas programeve studimore të akredituara në pajtim me Ligjin për studime të mjekësisë dhe përsosje të vazhdueshme profesionale të doktorëve të mjekësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 16/13, 39/14, 144/14 dhe 150/15), ndërsa provimin profesional do ta japin sipas Ligjit për mbrojtje shëndetësore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 dhe 37/16).

(2) Studentët të cilët i kanë filluar studimet e mjekësisë së përgjithshme të nevojshme për kryerjen e profesionit doktor i mjekësisë në vitin akademik 2014/2015, 2015/2016 dhe 2016/2017 do t'i përfundojnë studimet në pajtim me dispozitat e këtij ligji dhe sipas programeve studimore të akredituara në pajtim me dispozitat nga sfera e arsimit të lartë, ndërsa provimin profesional do ta japin sipas Ligjit për mbrojtje shëndetësore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 dhe 37/16).

Neni 15

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për përsosje të vazhdueshme profesionale të doktorëve të mjekësisë.

Neni 16

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2671.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 септември 2017 година.

Бр. 08-3224/1
18 септември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 11/12, 30/14, 180/14, 81/15 и 129/15), во член 2 по ставот (1) се додаваат три нови ставови (2), (3) и (4), кои гласат:

„(2) Нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко-технолошка целина кај работодавачот.

(3) Нормираниот учинок од ставот (2) на овој член треба да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко-технолошка целина, поодделно.

(4) Работодавачот е должен, на крајот на секој месец, на работникот да му издаде потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата.”.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (5) и (6).

Член 2

Во член 3 ставот (2) се менува и гласи:

„Висината на минималната плата на работникот кој работи со скратено работно време или остварува помалку работни часови од полното работно време, се пресметува сразмерно на бројот на остварените работни часови“.

Член 3

Членот 4 се менува и гласи:

„(1) Исплатената висина на минималната плата во бруто износ за претходната година се усогласува во март секоја година со:

-една третина од порастот на просечно исплатената плата во Република Македонија,

-една третина од порастот на индексот на трошоците на живот и

-една третина од реалниот пораст на бруто домашниот производ, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(2) Министерот за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економско - социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ усогласена согласно со ставот (1) на овој член во „Службен весник на Република Македонија” во март секоја година, која ќе започне да се исплатува со платата за април во тековната година.“.

Член 4

По членот 4 се додава нова глава II-а. и седум нови членови 4-а, 4-б, 4-в, 4-г, 4-д, 4-ѓ и 4-е, кои гласат:

„II-а. ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ИСПЛАТА НА МИНИМАЛНА ПЛАТА И КОНТРОЛА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО И КОРИСТЕЊЕТО НА ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ

Член 4-а

(1) На работодавачот кој ги исполнува условите од членот 4-в од овој закон, ќе му се обезбеди финансиска помош за исплата на минимална плата (во натамошниот текст: финансиска помош) од Буџетот на Република Македонија за периодот септември 2017 година - февруари 2018 година и тоа:

- 2.000 денари по вработен, за вработени кои биле во работен однос кај работодавачот во јануари, февруари и март 2017 година и просечниот износ на исплатената месечна нето плата за овој период им бил до 10.000 денари,

- 1.500 денари по вработен, за вработени кои биле во работен однос кај работодавачот во јануари, февруари и март 2017 година и просечниот износ на исплатената нето плата за овој период им бил помеѓу 10.001 и 10.500 денари,

- 1.000 денари по вработен, за вработени кои биле во работен однос кај работодавачот во јануари, февруари и март 2017 година и просечниот износ на исплатената месечна нето плата за овој период им бил помеѓу 10.501 и 11.000 денари и

- 500 денари по вработен, за вработени кои биле во работен однос кај работодавачот во јануари, февруари и март 2017 година и просечниот износ на исплатената месечна нето плата за овој период им бил помеѓу 11.001 и 11.500 денари.

(2) За работодавачот од ставот (1) на овој член, се обезбедува финансиска помош за периодот март 2018 - август 2018 година, во висина од 50% од износите утврдени во ставот (1) на овој член.

(3) Просечниот износ на исплатената месечна нето плата од ставот (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 на овој член, се пресметува за исплатените плати од страна на работодавачот, заклучно со 31 август 2017 година.

Член 4-б

(1) Просечниот износ на исплатената месечна нето плата за работник кој работи помалку од полното работно време, се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови во месецот.

(2) Во просечниот износ на исплатената месечна нето плата за работник, не се пресметува додатокот на плата за прекувремена работа.

Член 4-в

(1) Финансиската помош од членот 4-а од овој закон се обезбедува на работодавачот, доколку ги исполнува следниве услови:

- работодавачот да не е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување или персонален данок на доход за вработеното лице од членот 4-а став (1) од овој закон,
- работодавачот да има статус на активен обврзник, односно да не е во постапка на стечај или ликвидација или постапка на бришење согласно со членовите 477, 477-а, 552-а и 552-б од Законот за трговските друштва,
- работодавачот во 2016 година да остварил загуба или нето добивка по оданочување во износ помала од 10% од вкупните расходи,
- работодавачот да ги има подмирено обврските по основ на плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци, заклучно со последниот ден од месецот за кој се обезбедува финансиската помош.

(2) Финансиската помош од членот 4-а од овој закон се остварува по исплатата на платата за месецот за кој се обезбедува финансиската помош.

Член 4-г

(1) Работодавачот во Месечната пресметка за интегрирана наплата што ја поднесува до Управата за јавни приходи, согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ги означува вработените лица од членот 4-а став (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 и став (2) од овој закон, за кои бара обезбедување на финансиска помош.

(2) Заради вршење на исплата на финансиската помош, Управата за јавни приходи обработените податоци од ставот (1) на овој член ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена по истекот на месецот за кој се бара исплата на финансиска помош.

(3) Финансиската помош од членот 4-а од овој закон, се исплатува преку Министерството за труд и социјална политика.

Член 4-д

(1) Начинот на обезбедување на финансиската помош од членот 4-а од овој закон го пропишува министерот за труд и социјална политика, во согласност со министерот за финансии.

Член 4-ѓ

(1) Работодавачот кој ќе добие финансиска помош, согласно со одредбите од овој закон, е должен да го задржи на работа работникот за кој добива финансиска помош најмалку една година по завршување на периодот на добивање на финансиската помош.

